Врз основа на член 22 став 7 а во врска со член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), како и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (пречистен текст), постапувајќи по пријава, на четириесет и втората седница, одржана на ден 27.11.2020 година донесе

**ОДЛУКА**

Наводите за постоење на судир на интереси кај лицето ------ -------- Градоначалник, затоа што склучил договор за консултантски услуги со Адвокатското друштво „-------- --------", спротивно на член 44 став 6 од Законот за спречување корупција и судир на интереси, **се основани.**

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, до лицето Петре Шилегов достави **Одлука со која се констатира состојба на судир на интереси** и го извести во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката да го отстрани судирот на интереси односно да го прекине договорот за давање на консултантски услуги склучен со Адвокатското друштво „-------- --------".

Лицето ------ -------- достави известување дека во законски предвидениот рок постапил согласно укажувањето на Државната комисија и го отстранил судирот на интересите, со што се постигна ефектот од постапувањето на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Постапувањето по предметот со број 09-2034/1 од 22.05.2020 година се **ЗАПИРА** и истиот да се затвори и архивира.

**Образложение**

Предметот со број 09-2034/1 од 22.05.2020 година е оформен врз основа на добиена Иницијатива за покренување постапка за утврдување судир на интереси против Градоначалникот ------- --------- од познат подносител, со наводи дека лицето ------- ------- ја врши функцијата Градоначалник од 2017 година и има склучено договор за давање на консултантски услуги со Адвокатското друштво „-------- ---------", а пред тоа два пати бил избран за пратеник во Собранието на РСМ, и тоа во 2014 и во 2016 година и за време на двата пратенички мандати ја вршел и работата управител на Адвокатско друштво.

Во пријавата исто така е наведено дека службеното лице ------ -------- во периодот кога ја извршувал функцијата пратеник во Собранието на РСМ, во период од 2014 до 2016 година и истовремено како сопственик управувал со Адвокатското друштво „------ --------", Државната комисија за спречување на корупцијата во 2015 година согласно член 9 од Законот за спречување на судирот на интереси (Сл. Весник на Р.Македонија бр.128/09 од 22.10.2009 година) кој тогаш бил во важност, повела постапка против службеното

лице ------ -------- тогашен Пратеник во Собранието на РСМ и од него побарала да ја надмине состојбата на судир на интереси, на начин што ќе се откаже од управителството во неговото Адвокатско друштво.

Во законски предвидениот рок, службеното лице ------ -------- постапило согласно укажувањата на Државната комисија и доставило доказ дека ја има надминато состојбата на судир на интереси, со тоа што повеќе не управувал со Адвокатското друштво „-------- ----------".

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, со тоа што ------ ---------- постапил согласно укажувањата на Државната комисија и ја отстранил повредата на член 9 од Законот за спречување на судирот на интересите, кој тогаш бил во важност, Државната комисија го запрела постапувањето, затоа што се постигнал ефектот од нејзиното постапување.

Во однос на наводите во Иницијативата за поведување постапка за утврдување на судир на интереси, според кои службеното лице ------ --------- - Градоначалник од 2017 година има склучено Договор за давање на консултантски услуги склучен со Адвокатското друштво „--------- --------", Државната комисија согласно член 26 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, заради разјаснување на определени прашања во врска со донесување одлука од својата надлежност, а во врска со конкретниот предмет го повика службеното лице ------- -------- во просториите на Државната комисија на ден 28.09.2020 година во 12 часот и го запозна со наводите во Иницијативата врз основа на која е оформен предметот против него. Исто така лицето ------ ------- беше информирано дека согласно член 44 став 6 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, консултантските услуги не спаѓаат во приходи кои службеното лице може да ги оствари.

Имено, член 44 став 6 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го предвидува следното:

***Член 44***

*(6) Службено лице може да остварува приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено.*

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на својата 39та седница заклучи дека во конкретниот случај **се потврдуваат наводите во Иницијативата според кои Градоначалникот склучил договор за консултантски услуги со Адвокатско Друштво „------- -------"**, односно **се потврдува состојба на судир на интереси.**

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите Одлуката со број 09-2034/6 од 14.10.2020 година со која се констатира таквата состојба му се достави на лицето ----- ------- и му се укажа на неопходноста да преземе чекори во насока на отстранување на утврдените повреди од одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите во рок од 15 дена од доставувањето на одлуката и за истото да ја извести Државната комисија со приложување на доказ за постапувањето.

До Државната комисија на ден 03.11.2020 година лицето ------- ------- достави Известување за постапување по укажувањето на Државната комисија и Спогодба за раскинување на Договор за консултантски услуги со Адвокатското друштво „------ -------“ од 31.10.2020 година.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, како и дејствијата преземени од страна на Државната комисија за спречување на корупцијта, односно донесената Одлука за констатиран судир на интереси, како и постапувањето на лицето ------ ------- по укажувањето на Државната комисија со кое ја надмина состојбата на судир на интереси во законски предвидениот рок на начин што го раскина Договорот за давање консултантски услуги со Адвокатското друштво „--------- ---------“, Државна комисија на својата четириесет и втората седница констатира дека постигнат е ефектот од нејзиното постапување поради што се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка П. Дојчиновска**

Изработил:
м-р Ема Нешкоска - Соработник